Потполнил__________ Дата__________

# ДОГОВОР

За користење на приклучок за прием на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа, склучен на ден ______________________ помеѓу:

1.**ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ од Кавадарци,** ул Киро Крстев бр 8, тел: 043/550-550 **ЕДБ:МК4011990100450, Жиро с-ка: 200000006017290 Стопанска банка – Кавадарци**, во понатамошниот текст: кабелски оператор(КО), застапуван од Сапунџиева Тодорка, ЕМБГ: 2003964488009 ОД Кавадарци и

2.________________________________ ЕМБ__________________________
ул.________________________________ бр__________ тлф ____________________________
Во понатамошниот текст, Корисник, од друга страна

## ПРЕДМЕТ, РОК И ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

### ЧЛЕН 1

Цел на договорот е поставување и користење на приклучок за прием на радио и телевизиски програми преку кабелска мрежа во станот/просториите на претплатниокот-корисникот за следење на дистрибуираните радио и телевизиски канали за што корисникот плаќа надомест определен со овој договор. . Договорот се склучува за период од _______ месеци По истекот на овој период истиот не се продолжува по автоматизам.Операторот ќе го извести претплатникот во рок не пократок од 30 дена пред истекот на задолжителното времетраење од договорот дека му истекува истиот, или во случај кога има промена на тарифниот модел на претплатникот или доколку претплатникот останува без услугата.

### ЧЛЕН 2

Претплатникот може да го раскине претплатничкиот договор со операторот во секое време по претходно доставено барање за раскинување на претплатнички договор.

Барањето се доставува до операторот во пишана форма и треба да ги содржи најмалку следниве податоци:
- име или назив на претплатникот;
- матичен број за физички лица и даночен и регистарски број за правни лица;
- адреса на претплатникот;
- електронска комуникациска услуга (тарифен модел/ пакет/ претплатнички број и др.)
- датумот на раскинување на претплатничкиот договор, кој не може да биде пократок од 5 дена од денот на поднесување на барањето.

Договорот се смета за раскинат од денот наведен во писменото барање.
Операторот не треба да одбие раскинување на претплатнички договор по барање на претплатник
Претплатникот може да го раскине истиот без да му бидат наплатени казнени пенали за предвремено раскинување на договорот, само во случај кога операторот не ги исполнува обврските предвидени во претплатничкиот договор. Во овој случај покрај Барање за раскинување на Претплатничкиот Договор во кое претплатникот ги пишува своите Податоци , потребно е да се наведе и причината за предвремено раскинување на Претплатничкиот Договор.

Претплатникот и по раскинувањето на претплатничкиот договор ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на претплатникот.

При раскинување на претплатничкиот договор, претплатникот треба да ги врати комуникациските средства во сопственост на операторот во исправна состојба, која ја утврдува операторот при преземањето на средствата.

### ЧЛЕН 3

Операторот може да го раскине претплатничкиот договор, особено:
- Поради повреда на условите наведени во претплатничкиот договор;
- во случај на смрт на претплатникот, доколку правото за користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок од шест месеци;
- кога со судска одлука претплатникот се брише од соодветниот регистар;
- во случај на стечај или ликвидација, или неликвидност на претплатникот, доколку правото за користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок определен од страна на операторот;
- во случај на користење и злоупотреба на услугите од страна на претплатникот за цел спротивна на Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него и други закони и прописи констатирани од страна на надлежен орган;
- доколку операторот не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на виша сила подолго од тримесеци.

### ЧЛЕН 4

Операторот е должен да води евиденција за сите воспоставени претплатнички односи и особено треба да содржи податоци за име, презиме и адреса, матичен број или број на патна исправа, а за правното лице назив и седиште на правно лице како и даночниот број на правното лице.

При раскинување на договорот, податоците наведени во него се чуваат за период од една година од денот на издавање на последната сметка на претплатникот за обезбедените услуги.

Операторот може да ги менува условите од претплатничкиот договор по претходно известување на претплатникот.

Операторот ќе го извести претплатникот за сите предложени измени во условите наведени во договорот во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените.Доколку Претплатникот не се согласува со предложените измени без известување или последици може да го раскине Договорот.Известувањето треба да биде во пишана форма и треба да содржи::

- Име или назив на претплатникот;
- Адреса на претплатникот;
- Претплатнички број;
- Број на претплатничкиот договор;
- Сите предложени измени на договорот;
- Информација за правото дека без известување или последици може да го раскине договорот.

Доколку раскинувањето на Договорот е во првата половина од Договорот обештетувањето за предвременото раскинување на Договорот е во износ од 4 ( четири ) месечни претплати.
Доколку раскинувањето на Договорот е во втората половина од Договорот обештетувањето за предвременото раскинување на Договорот е во износ од 2 ( две ) месечни претплати.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРЕНИТЕ СТРАНИ

### ЧЛЕН 5

КО се обврзува да изврши приклучување на на корисникот кон кабелската мрежа со што на корисникот ќе му се овозможи квалитетен прием на РТВ програмите кои се пренесуваат преку истата, непрекинато (24) дваесет и четири часа дневно, без било какви промени во програмските содржини.

### ЧЛЕН 6

Приклучувањето на корисникот кон кабелската мрежа се врши од страна на стручни лица на КО и тоа во рок од 48 часа по потпишувањето на договорот или на датумот и терминот кои заеднички ќе го договорат.

### ЧЛЕН 7

За да може корисникот квалитетно да ги гледа сите понудени ТВ програми од кабелската мрежа, потребно е да поседува ТВ приемник со можност за прием на т.н S и HYPERBAND канали и обезбедена (заземјена) електрична мрежа. За прием на дигитална ТВ (ДВБ-Ц) потребен е соодветен ТВ апарат или СТБ-декодер

### ЧЛЕН 8

Корисникот се обврзува дека ќе им овозможи непречен пристап на лица овластени од КО кои претходно ќе се легитимираат, во своите простории/станот во кои ќе се изврши монтажата, преглед или мерења на кабелската мрежа и да не го попречуваат спроведувањето на кабелот на КО од својот до соседните објекти. Корисникот се обврзува дека ќе се грижи за опремата инсталирана на неговиот имот, а во случај на оштетување самиот подлежи на одговорност. Во случај на раскинување на овој договор од страна на корисникот, средствата дадени за приклучок не се враќаат.

### ЧЛЕН 9

Програмската листа која е во понуда е составена врз основа на договори склучени со имателите на права и одобренијата добиени од АААВМУ. Истата е објавена на Инфо каналот и Интернет страниците на Операторот АААВМУа и е променлива согласно добиените дозволи за реемитување и гарантира минимум _______ ТВ канали во аналогниот пакет.

### ЧЛЕН 10

Корисникот се обврзува дека нема да врши самостојно отстранување на евентуални дефекти на кабелската мрежа и дека нема да врши било какви дејствија врз опремата на кабелската мрежа дури и ако биде исклучен од неа, како и да известува за евентуално оштетување на истата. Доколку постапи спротивно, должен е да ја надомести штетата.

### ЧЛЕН 11

Корисникот не смее самостојно да го отстапува на друго лице или да дозволи неовластено приклучување на кабелската мрежа. Во случај да го стори тоа ќе биде трајно исклучен од кабелската мрежа без враќање на уплатените средства.

**ЧЛЕН 12**

Операторот се обрзува дека по извршувањето на работите околу приклучокот, ќе обезбеди редовно одржување на мрежата. Доколку настане дефект во мрежата, Операторот е должен да пристапи кон отстранување на истиот во рок од 3 часа од неговото пријавување, односно во рок од 12 часа доколку дефектот настане во времето од 22:00 до 08:00 часот наредниот ден.

**ЧЛЕН 13**

Пријавувањето на технички пречки се врши: во писмена форма, во контакт центарот на тел: 043/550-550 и 071/250-401, директно во просториите на КО или по пат на електронска пошта на службениот мејл на операторот.

**ЧЛЕН 14**

Корисникот се обврзува по извршеното приклучување на кабелската мрежа на Операторот да му исплати паричен надомест за:

- Еднократен надоместок за приклучок од _______________ денари
- Месечен надомест(претплата) од _______________ денари
- Приклучување на дополнителни ТВ приемници во истиот стан во износ од _______________ денари.

Сметките за месечната такса ќе се доставуваат месечно најкасно до 25 во тековниот месец. Корисникот се обврзува дека месечниот надоместок ќе го плаќа редовно во периодот од 1-ви до 15-ти во тековниот месец за изминатиот месец на име месечна такса.

**ЧЛЕН 15**

Доколку корисникот не го уплати месечниот надоместок во рокот утврден во ЧЛЕН 12 од овој договор, Операторот е должен писмено да го извести, при што ќе му определи рок во кој е должен да го уплати долгот. Во спротивно може да биде привремено а потоа и трајно исклучен.

За повторно приклучување кон кабелскат мрежа покрај заостантиот долг, корисникот треба да ги сноси и трошоците кои се направени за неговото исклучување и за повторно приклучување. Трошоците за повторното приклучување кон кабелската мрежа ги определува Операторот, јавно ги објавува и изнесуваат ________ денари.Заостанатиот долг се наплатуваат без законска затазна камата.

Доколку претплатникот поднесе приговор до операторот, а потоа и барање за решавање на спор пред Агенцијата, во врска со износот на сметката, операторот не смее да постапи согласно со членот 102 став (1) од ЗЕК сѐ до донесување на конечна одлука согласно со членот 53 од ЗЕК, а претплатникот е должен да го плати износот на месечната претплата во определениот рок. Доколку претплатникот не го плати износот на месечната претплата во определениот рок, операторот има право да постапи согласносо членот 102 став (1) од ЗЕК.

**ЧЛЕН 16**

Операторот го задржува правото за промена на висината на месечниот надомест во зависност од пазарните услови. За сите промени на програмската шема, цените, пакетите, претплатниците ќе бидат редовно информирани, со испраќање на писмено известување од страна на Операторот најмалку 30 дена однапред. Се смета дека Корисникот ги прифатил изменетите услови доколку по известувањето продолжи со користење на услугата и во следниот месец.

**ЧЛЕН 17**

Корисникот не смее самостојно да приклучи друг кориснички ТВ приемник на својот приклучок, ниту својот приклучок може да го продаде, односно да го отстапи на трето лице. Доколку дојде до промена на сопственоста на станот, или промена на адресата на живеење, претплатникот е должен во рок од 15 дена да го извести Опеараторот за настанатата промена. Во таков случај:

- Претплатникот е должен да ги подмири своите доспеани обврски кон Операторот
- Доколку новиот сопственик на станот сака да ги корисит услугите на Операторот се склучува нов договор без надомест за приклучна такса.

**ЧЛЕН 18**

Претплатникот има право на писмен приговор најнапред до операторот против одлуките или активностите на операторот и/или давателот на услуги во врска со пристапот до или обезбедување на услуги.

Операторот е должен на претплатникот да му достави одговор во писмена форма за основаноста на поднесениот приговор во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот. Доколку претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истиот до Агенцијата да достави барање за решавање на спор.

Доколку операторот не постапи по приговорот во рокот, претплатникот има право до Агенцијата да достави барање за решавање на спор во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до операторот. Бесплатен телефон за контакт на АЕК е 190.

**ЧЛЕН 19**

Операторот на претплатниците им ги корегира месечните сметки во следните ситуации:
- во случај на привремено ограничување или прекин на пристапот до услуги, се врши враќање на паричните средства во делот на претплатата и надоместоците за дополнителните услуги за износ пропорционален на времетраењето кога услугата не била обезбедувана, доколку прекинот трае подолго од три часа. Пресметаниот износ, за целото времетраење на ограничувањата или прекините ќе биде одбиен во наредната фактура на сите претплатници кај кои постоело ограничување или прекин, без тоа да биде побарано од страна на претплатниците за фиксна комуникациска мрежа,
- во други случаи на основан приговор од страна на претплатникот за утврдена неточна обработка на податоци што доведува до зголемување на износот за користени електронски комуникациски услуги, доколку ги има намирено своите долгови, во висина на погрешното задолжување со вкалкулирана законска казнена камата;
- во случај на престанок на обезбедувањето на јавната комуникациска услуга не по вина на претплатникот, или во случај кога претплатникот го откажува натамошното користење на комуникациската услуга, операторот ќе изврши враќање на остатокот од паричните средства што биле депонирани однапред како аванс, месечната претплата, надоместокот за користење на дополнителните услуги, по подмирување на вкупниот долг на претплатникот.

**ЧЛЕН 20**

Операторот не одговара за содржините на програмите кои легално се дистрибуираат како и евентуалните прекини на програмите предизвикани од технички проблеми на произведувачот на програмата или во преносот на сигналот до станицата на операторот.

**ЧЛЕН 21**

Операторот е должен да превземе технички мерки со кои ќе се заштити целокупната опрема вградена во мрежата од пренапони, атмосферски празнења, кражба и слично за што сноси материјална одговорност. КО не сноси одговорност за евентуален пренос на дефект на мрежата предизвикан од страна на трето лице или виша сила. При невреме (грмотевици) се препорачува антенскиот приклучок да биде изваден од ТВ приемникот.

**ЧЛЕН 22**

Операторот е должен врз основа на писмено барање на Претплатникот да му овозможи привремен прекин на услугите. Барањето се однесува на пропишан обрзец најкасно три дена пред отпочнување на нов календарски месец. Времениот прекин не може да трае помалку од 1(еден) месец ниту повеќе од 3(три) месеци. Во таков случај Претплатничкиот Договор се продолжува колку што изнесува времето на мирување.

**ЧЛЕН 23**

Операторот е должен да води евиденција за сите воспоставени претплатнички односи согласно Законот за заштиа на личните податоци . Евиденцијата особено треба да содрѓи податоци за име , презиме, адреса, матичен број илиброј на патна исправа, а за правното лице назив и седиште на правниот субјект, даночниот број и регистерскиот број, податоци за овластеното лице.. При раскинување на договорот податоците се чуваат уште година дена од денот на издавањето на последната сметка.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**ЧЛЕН 24**

Претплатникот има право да побара префрлување на приклучокот на јавната кабелска мрежа на друга локација, во рамките на јавната комуникациска мрежа, во истото или во друго нумерациско подрачје на операторот.

Операторот ќе го префрли корисникот на друга локација само ако има техничка можност на новата локација, во спротивно за предвремено раскинување има право да наплати пенал

**ЧЛЕН 23**

Промена на тарифниот модел може да се изврши со потпишување на Анекс кон Договорот

**ЧЛЕН 26**

Во случај на спор по овој договор ќе решава надлежниот суд во Кавадарци

**ЧЛЕН 27**

Договор се состои и потпишува во 2 (два) исти примероци по еден за секоја од договорените страни. Составен дел на договорт е и ценовникот, избраниот тарифен модел на претплатникот-програмска шема, реверсот за опремата и податоците за сервисот дадени во прилозите 1 до 4 ваземно потпишани од двете страни.

**КАБЕЛ ОПЕРАТОР** **КОРИСНИК**

ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Кавадарци

_______________ _______________